**ДЕКЛАРАЦИЈА**

**SEE Digital Rights Network**

SHARE фондацијата и Балканската истражувачка репортерска мрежа, БИРН, ја препознаа потребата од формирање на Мрежа за дигитални права во Југоисточна Европа поради соочување со порастот и брзиот развиток на употребата на напредни технологии, и загриженоста за заштитата на податоците и онлајн злоупотребите.

Овој потфат доаѓа во момент кога веќе гледаме зголемено мешање на државните и комерцијалните чинители кои дополнително го стеснуваат просторот за дебата и во време кога практицирањето на основните човекови права се соочува со континуирани ограничувања. Најсовремената технологија не се користи само за да се подобрат животите на луѓето, туку и за контрола врз општеството, особено врз критички настроените организации и поединци.

За време на пандемијата со КОВИД-19, преку нашиот мониторинг, бевме сведоци на бројни случаи на повреда на дигиталните права ширум Централна и Југоисточна Европа. Во веќе кревките и нелиберални демократии, ограничувањето на човековите права се гледа и во дигиталното опкружување во форма на закани. Недостатокот на свесност за овие проблеми во општеството дополнително ја поткопува демократијата, не само во време на криза.

Покрај тоа, последиците од овие негативни трендови и тенденции ќе продолжат сериозно да влијаат врз приватноста на поединците со ширење страв, особено меѓу маргинализираните групи, што неизбежно води кон ограничувања на загарантираните слободи и права и го зголемува ризикот од експлоатација и насилство што може лесно да се пренесат и во реалниот живот.

**Затоа, ве покануваме да се приклучите на нашата коалиција на граѓански организации, медиуми и поединци кои сакаат да придонесат со своите вештини, знаења и искуство за да го постигнат она што го гледаме како заеднички цели, пред се подобрување на нашите демократии и позицијата на поединците во дигиталното опкружување.**

Предложената Мрежа има за цел да ги собере релевантните актери кои тековно работат на прашања поврзани со злоупотреба на дигиталните права, недостаток на транспарентност и проширена употреба на инвазивни технолошки решенија во Југоисточна Европа кои често одат на штета на приватноста. Оваа мрежа ќе послужи како платформа за конструктивен дијалог меѓу нејзините членови и плодна дискусија за изнаоѓање решенијата, примери на добри практики, нови идеи и предлози. Мрежата за дигитални права на Југоисточна Европа ќе работи

проактивно и ќе издава јавни изјави за решавање на постојните и новите проблеми, со цел да се спречат какви било негативни последици.

Преку негување на вредностите како што се безбедноста, еднаквоста и слободата, работата на ново формираната  Мрежа за дигитални права ќе биде насочена кон постигнување на следниве цели:

● Заштита на дигиталните права и слободи на Интернет
● Овозможување на пристап до точни информации
● Претворање на Интернетот во побезбедно место
● Откривање и пријавување на говор на омраза и вербално насилство преку Интернет, особено против жените и другите ранливи групи
● Идентификација на регрутација преку Интернет што може да доведе до експлоатација
● Воспоставување контрола врз нашите лични податоци
● Стопирање на имплементацијата на интрузивни системи за надзор
● Барање одговорност од владите за употреба и злоупотреба на технологијата
● Заштита на основните човекови права во секое време, вклучително и во време на криза
● Споделување на знаење и искуства и градење мрежа
● Подобрување на дигиталната писменост со цел да се спречи насилството и експлоатацијата

Мрежата ќе се стреми да го зголеми нивото на свесност за сложените и загрижувачки трендови и практики, обидувајќи се да ги приближи до широката јавност на јазик кој ќе биде разбирлив. Преку создавање на заеднички простор за дискусија и размена, организациите и медиумите ќе можат да го зголемат ефектот од своите индивидуални напори насочени кон законски, политички и општествени промени.

Допирањето до засегнатите страни и подигнување на свеста преку авторитетот на сите членки на мрежата ќе обезбеди поголемо влијание и одек на нашите заеднички иницијативи.

Ние ја гледаме дигиталната еволуција како збир на механизми и алатки кои имаат голем потенцијал да им служат на потребите на луѓето, додека пристапот до Интернет се покажа како неопходен во време на криза како што е пандемијата со КОВИД-19. Нашите општества стануваат се по дигитални, што претставува моќен поттик за зголемување на капацитетот на организациите што се занимаваат со дигиталниот развој и регулативи во Југоисточна Европа.

Во брзата дигитална ера во која живееме, бројните предизвици бараат повеќе координирани и заеднички активности, особено имајќи предвид дека:

● Нашата слобода на изразување ја контролира алгоритам

BIRN

SHARE FOUNDATION

● Нашата виртуелна комуникација е често обликувана од алгоритми кои промовираат говор на омраза и уништување
● Нашите дискурси се загадени со манипулација и дезинформација
● Ниското ниво на дигитална писменост ги обликува нашите општества
● Нашата безбедност е уште повеќе кревка во дигиталниот простор
● Нашите биометриски податоци, нашите лица, се предмет на масовен надзор
● Нашите животи се дехуманизирани, квантификувани во податоци и се продаваат за профит
● Нашите влади користат технологија за контрола врз општеството и за да акумулираат моќ
● Нашите кревки демократии трпат уназадување во време на криза
● Нашите заедници не работат заедно за решавање на овие проблеми
● Нашата доверба во институциите што треба да нè штитат драматично се намалува

Разновидноста на своите членки ќе ја чинат Мрежата единствена, Мрежата ќе биде единствена во разновидноста на своите членови, а заедничката посветеност на заштитата на основните човечки вредности и принципи и преку Интернет и офлајн, ќе ја формираат најважната врска помеѓу нив. Почитувањето на човековите права, безбедноста и сигурноста на личните податоци, како и одговорното користење на брзо растечките технологии ќе бидат основата на водечките принципи на мрежата.